РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

# Б И Л Т Е Н

Мај 2010



Скопје, јули 2010 година

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

Мај 2010 година

- Индексот на индустриското производство во мај 2010 година во однос на истиот месец од претходната година забележа намалување од 0,4%, што претставува натамошно забавување на стапката на пад и е најнизок пад од почетокот на годината

- Општото ниво на цени забележа минимален годишен раст од 0,2%, додека на месечно ниво инфлацијата изнесува -0,6%

- Вкупните приходи на Централниот буџет оствария намалување за 8,2% (7,2% од БДП), а вкупните расходи за 3,4% (8,4% од БДП) во периодот јануари - мај 2010 година во однос на истиот период лани

- Бројот на регистрирани невработени лица во мај изнесува 334.477, што претставува намалување од 1,4% споредено со април оваа година

## 1. Реален сектор

**1.1. Индексот на индустриското производство во мај 2010 година во однос на истиот месец од претходната година забележа намалување од 0,4%**, што претставува натамошно забавување на стапката на пад, а воедно најнизок пад од почетокот на годината.

Анализирано по сектори, секторот Снабдување со електрична енергија, гас и вода 13 месеци по ред регистрира позитивен раст, при што, истиот е највисок во мај 2010 година и изнесува 37,4%. Секторите Вадење на руди и камен и Преработувачка индустрија исто така забележаа намалување на стапката на пад и истите изнесуваат 1,1% и 5,3% соодветно.




Во рамки на преработувачката индустрија, позитивен годишен раст е регистриран кај 40% од гранките, при што раст е забележан кај трите гранки со двоцифрено учество во структурата на индустриското производство. Така, интензивиран раст е остварен кај производството на облека од 23,7%, следејќи го подобрувањето на состојбите во текстилната индустрија, кај производството на основни метали од 32,3%, додека кај производството на прехранбени производи и пијалаци беше забележан умерен раст од 0,4%.

Најголем позитивен придонес во годишниот раст на индустриското производство има зголеменото производството на кокс и деривати на нафта (9,2 п.п.), а најголем негативен придонес има производството на електрични машини и апарати (-2,8 п.п.).

Индексот на индустриското производство во мај 2010 година во споредба со претходниот месец забележа позитивен раст од 7,5%, при што раст е забележан кај сите три сектори и тоа во секторот Вадење на руди и камен од 0,5%, Преработувачка индустрија од 7,4% и секторот Снабдување со електрична енергија од 10%.

Десезонираниот месечен раст на индустриското производство во мај 2010 година изнесува 5,4%, односно доколку се исклучи сезонската компонента растот е понизок за 2,1 п.п..

Според оценката на раководителите на претпријатијата, тековната економска состојба на претпријатијата и обезбеденоста на производството со порачки во мај 2010 година се поповолни во однос на претходниот месец.

Според раководителите, најголемо влијание на ограничувањето на обемот на производството во мај 2010 година имаат следните фактори: недоволната странска побарувачка со 24,9%, недоволната домашна побарувачка со 18,3%, финансиските проблеми со 14,2% и неизвесното економско окружување со 9,5%.

Според Соопштението на Државниот завод за статистика, вкупниот број на работници во индустријата во мај 2010 година во споредба со мај 2009 година забележа намалување од 6,5%, што претставува намалување на стапката на пад на бројот на работниците отколку во април, кога таа изнесуваше 7,9%.

Секторската анализа покажува намалување на стапката на пад на бројот на работници од 2,6 процентни поени во секторот Вадење на руди и камен, при што истата се спушти на ниво од 3,2%. Намалување на стапката на пад е забележано и во преработувачката индустрија, при што истата изнесува 7,5%. Во секторот Снабдување со електрична енергија исто така е регистрирано ублажување на падот на бројот на работници и истиот изнесува 0,5%, што претставува најмал пад од почетокот на годината. Најголем годишен пад сеуште регистрира Преработувачката индустрија, а повторно најмал е падот кај секторот Снабдување со електрична енергија, гас и вода.

На кумулативна основа, бројот на работници во индустријата во првите пет месеци од 2010 година бележи намалување од 7,1%, што претставува благо намалување на стапката на пад (во периодот јануари-април истата изнесуваше 7,3%). Намалувањето во секторот Вадење на руди и камен изнесува 6,9%, во Преработувачката индустрија 7,7%, а во секторот Снабдување со електрична енергија, гас и вода 2,2%.




**1.2. Во мај 2010 година цените на производите за лична потрошувачка, мерени преку индексот на трошоци на живот се повисоки за 0,2% во однос на истиот месец од претходната година**.

Растот на општото ниво на цени се должи најмногу на зголемувањето на цените во категоријата Сообраќајни средства и услуги од 5,7%, како последица на растот на цените за течни горива и масла за 26,6%. Категоријата Домување забележа раст на цените од 4,7% и се должи на растот на цените за огрев и осветление од 8,3%. Во категориите Тутун и пијалаци и Култура и разонода цените остана непроменети. Пад на цените е забележан во категоријата Исхрана од 3,4%, како последица на падот на цените за свеж зеленчук од околу 20% и свежо овошје од околу 12%. Пад на цените, исто така, е забележан во категоријата Хигиена и здравје од 0,4% и Ресторан и хотели од 0,1%.




Индексот на трошоците на живот во мај 2010 година во споредба со април 2010 година е понизок за 0,6%.

Вредноста на потрошувачката кошница за исхрана и пијалаци за четиричлено

домаќинство за мај 2010 година, пресметана врз основа на цените на мало, изнесува 12.378 денари и во однос на претходниот месец е пониска за 2,2%.

Индексот на цените на мало во мај 2010 година забележа зголемување од 1,8% во однос на мај 2009 година.

**1.3. Во мај 2010 година на светските берзи имаше месечно намалување на цените на енергентите, металите како и на најголемиот дел од прехранбените производи.**

Во мај цената на нафтата на светските берзи се намали за 10,3% во однос на претходниот месец и достигна вредност од 76,25 долари за барел. Споредено со мај претходната година, цената на нафтата е зголемена за 31,6%.

Во рамки на металните производи, никелот како производ со високо учество во македонскиот извоз, забележа месечно намалување на цената од 15,5% и достигна ниво од 22.008 долари за еден метрички тон ($/мт). Споредено со мај претходната година цената на никелот е повисока за 74,2%, а цената на цинкот имаше пораст од 16,8%. Исто така, пораст на цената е забележан и кај алуминиумот од 11,9% и бакарот од 11,7% .




## 2. Надворешен сектор

**2.1. Во првите пет месеци од 2010 година вкупната надворешно-трговска размена (изразена во евра) бележи раст од 8,9% во однос на истиот период минатата година.**

Притоа, физичкиот обем на извозот во овој период се зголеми за 6,9%, а неговата вредност изнесува 865,8 милион евра, што претставува значителен раст од 20% во однос на првите пет месеци од 2009 година. Истовремено, зголемувањето на увезените количини на стоки изнесува 5,2%, а нивната вредност оствари износ од 1.494,6 милиони евра е или пораст од 3,4%.



| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-V-2009 | I-V-2010 | Салдо 2010-2009 | Стапки во% |
| 000Т | 132.9 | 119.8 | -13.1 | -9.9 |
| Мил. ЕУР | 45.3 | 58.3 | 13.0 | 28.7 |
| Мил.$ | 59.6 | 78.4 | 18.8 | 31.5 |

*)Претходни податоци

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-V-2009 | I-V-2010 | Салдо 2010-2009 | Стапки во% |
| 000Т | 599.0 | 426.7 | -172.3 | -28.8 |
| Мил. ЕУР | 156.7 | 183.3 | 26.6 | 17.0 |
| Мил.$ | 205.4 | 247.5 | 42.1 | 20.5 |

*)Претходни податоци

При вакви движења на извозот и увозот на стоки, дефицитот во размената остварен во периодот јануари-мај оваа година изнесува 628,8 милион евра, што претставува стеснување на годишно ниво за 13,2% (96 милиони евра), што се објаснува со понатамошната ниска стапка на раст на увозот од 3,4%, односно со падот на увозот за 3,8% и интензивниот раст на извозот за 20%. Анализирано од аспект на салдата, намалувањето на негативното салдо на размената е резултат на комбиниран ефект од намаленото негативно салдо на размената на машини и транспортни уреди и на енергенти и прошереното позитивно салдо во размената со железо и челик и нивни производи. Ваквите движења условија и подобрување на степенот на покриеност на увозот со извоз во првите пет месеци, кој изнесува 57,9%, што претставува годишно подобрување за 8 п.п..




**2.2. Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во овој период се: железо и челик 23,5%, облека 18,7%, метална руда и метални отпадоци 7,7%, нафта и производи од нафта 6,7%, пијалоци и тутун 6,6%, и овошје и зеленчук 4,8%.** Овие шест групи производи сочинуваат 68% од вкупниот извоз на државата.

Најголем дел од кумулативниот увоз на стоки во првиот квартал отпаѓа на: нафта и производи од нафта (183,2 мил. евра, 12,3%), друмски возила (119,2 мил. евра, 8%), железо и челик (115 мил. евра, 7,7%), текстилни предива и слично (109,3 мил. евра, 7,3%), електрични машини, апарати и делови (47,9 мил. евра,3,2%) и друго.

**2.3.** Гледано по региони, во првите пет месеци од 2010 година, при значително подобрена трговска размена со Европската унија (ЕУ 27) во однос на истиот период минатата година за 15,2%, учеството на размената со ова интеграција во вкупната надворешно-трговска размена бележи позитивно поместување за 3 п.п. и изнесува 56,1%, при што извозот на стоки учествува со 61,3% и увозот на стоки со 53,2%. Извозот во Европската Унија бележи значајно зголемување од 30,6%, а увозот бележи раст од 6,8% во однос на истиот период од 2009 година.

Во периодот јануари-мај од 2010 година, 87,9% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во трговската размена со Русија, Велика Британија, Кина, Турција, Србија, Грција, Италија, Украина, Романија, и Словенија, додека истиот беше корегиран со

остварениот суфицит во размената со Косово, Белгија, Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска и други.

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-V-2009 | I-V-2010 | Салдо 2010-2009 | Стапки во% |
| 000Т | 227.9 | 283.0 | 55.1 | 24.2 |
| Мил. ЕУР | 136.0 | 203.0 | 67.0 | 49.3 |
| Мил.$ | 178.9 | 272.0 | 93.1 | 52.0 |

*)Претходни податоци

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-V-2009 | I-V-2010 | Салдо 2010-2009 | Стапки во% |
| 000Т | 201.0 | 273.6 | 72.6 | 36.1 |
| Мил. ЕУР | 80.8 | 115.0 | 34.2 | 42.3 |
| Мил.$ | 106.5 | 154.5 | 48.0 | 45.1 |

*)Претходни податоци

**2.4.** Гледано по валутна структура 73,8% од надворешно-трговската размена е реализирана во евра и во однос на истиот период минатата година претставува намалување од 4.2 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 77,5% и 71,7%, соодветно и во однос на истиот период лани застапувањето на еврото во размената бележи намалување и кај извозот и кај увозот за 6,6 п.п. и 3.3 п.п., соодветно. Ваквото движење се објаснува со растот на увозот од Велика Британија, кој е пресметан во фунти (GBP)




**НАДВОРЕШНО-ТРГОВСКА РАЗМЕНА НА Република Македонија (по валути ); пресметка: МФ**

**- по валути -**

| **ИЗВОЗ** | I-V 2009 | | | | | I-V 2010 | | | | | апсолитна промена во валутна вреднос | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | извоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | извоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | извоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | извоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 855 | 606,684,593 | 61.3938 | 37,246,672,566 | 84.1 | 923 | 667,507,329 | 61.4668 | 41,029,539,490 | 77.5 | 60,822,736 | 10.0 |
| УСД | 232 | 145,165,047 | 46.5420 | 6,756,271,617 | 15.2 | 239 | 261,953,442 | 45.5804 | 11,939,942,668 | 22.5 | 116,788,395 | 80.5 |
| ЕУР+УСД | 1,087 | | | 44,002,944,183 | 99.3 | 1,162 | | | 52,969,482,158 | 100.0 | | |
| вк извоз: | 1,090 | | | 44,314,809,509 | 100.0 | 1,165 | | | 52,960,636,892 | 100.0 | | 19.5 |

Извор:Државен завод за статистика и НБРМ

## 3. Фискален сектор

**3.1. Во првите пет месеци во 2010 година, вкупните приходи на Централниот буџет изнесуваат 30.773 милиони денари (7,2% од БДП), што претставува помало остварување за 8,2% во однос на истиот период минатата година.**

Даночните приходи во овој период се реализирани во износ од 28.177 милиони денари, што претставува речиси исто остварување, односно помало за само 0,2% во однос на истиот период минатата година.

Учеството на ДДВ во вкупните даночни приходи во првите пет месеци од 2010 година е доминантно и изнесува 53,5%, а на акцизите 18,1%, при што, од овие два даноци се остварени приходи од 20.166 милиони денари, односно 71,6% или речиси 3/4 од вкупните даночни приходи (4,7% од БДП).

Гледано по одделни категории на даноци приходите од ДДВ забележаа рекорден раст од 9,8%, додека приходите од персоналниот данок се помали за 1,6%, акцизите за 2,0%, а најголем пад од 47,9% остварија приходите од данокот на добивка. Приходите од царина се остварени помалку за 11,0%, а неданочните приходи имаат пад од 59% споредено со истиот период лани.

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште и станови се остварени во износ од 498 милиони денари.

Социјалните придонеси од плата во овој период се остварени во износ од 15.323 милиони денари (придонесите по основ на пензиско осигурување- 10.382 милиони денари и придонесите за здравствено осигурување- 4.276 милиони денари) што е пониско за 7,6% од планот за 2010 година, односно 4,0% помалку во споредба со итиот период претходната година.

**3.2. Во периодот јануари- мај 2010 година, вкупните расходи на Централниот буџет изнесуваат 36.186 милиони денари (8,4% од БДП), што е помалку за 3,4% во однос на истиот период од 2009 година.**

Во структурата на реализираните вкупни расходи тековните расходи (32.057 милиони денари) учествуваат со 88,6% и се помали за 2,7% во однос на истиот период лани, додека капиталните расходи забележуваат учество од 11,4%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки се трансферите (18.768 милиони денари), а втори по големина се платите и надоместоците (8.915 милиони денари). Во вкупните расходи на Централниот буџет, расходите за плати и надоместоци во овој период учествуваат со 24,6% и во однос на истиот месец лани се зголемени за 2,8%.

Расходите за стоки и услуги се извршени во износ од 3.896 милиони денари, односно имаат значително помало остварување во споредба со 2009 година за 16,9%.

Во делот на трансферите, во анализираниот период се потрошени помалку средства за 0,4% споредено со истиот период 2009 година и претставуваат најголема расходна ставка, односно учествуваат со 51,9% во вкупните расходи (4,4% од БДП). Ваквото остварување се должи во дел и на фактот дека во дотациите до единиците за локална самоуправа се трансферира дел од данокот на додадена вредност, а се зголемува и бројот на единици на локална самоуправа кои преминаа во втората фаза на децентрализација, при што се исплаќаат блок дотации на 74 општини за финансирање на пренесените надлежности (средства за исплата на плати и надоместоци на вработените во локалните јавни установи и материјалните трошоци). Исто така, значаен дел од средствата за трансфери се наменети за субвенции во земјоделството. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување се извршени во износ од 5.899 милиони денари или за 174 милиони денари помалку (2,9% намалување).

Каматите се реализирани во износ од 478 милиони денари што е помалку за 36,6%) во споредба со истиот период во 2009 година.

Во анализираниот период средствата за капитални расходи изнесуваат 4.129 милиони денари, што претставува намалување од 7,9% во споредба со истиот период во 2009 година и истите претставуваат 1,0% од БДП.

**3.3. Оттука, во првите пет месеци од 2010 година остварен е дефицит на Централниот буџет од 5.413 милиони денари (1,3% од БДП), додека дефицитот на консолидираниот буџет е 5.668 милиони денари и претставува 1,3% од БДП.**

## 4. Монетарен сектор

**4.1. Во мај 2010 година примарните пари[1] забележаа раст од 28,4% на годишна основа (раст од 23,2% во април), во услови на пораст на вкупните ликвидни средства на банките од 47,1% и зголемена побарувачка на готовите пари во оптек[2] за 8,4%.**

На месечна основа, примарните пари забележаа раст од 1,0%, што се должи во целост на повисокото ниво на побарувачка на готови пари за 3,6%, додека вкупните ликвидни средства на банките забележаа пад од 0,7%.

Во мај 2010 година, НБРМ донесе одлука за намалување на каматната стапка на благајничките записи за 0,5 п.п., од 6,5% на 6%. НБРМ истовремено ја намали и каматната стапка на кредитите одобрени преку ноќ (ломбардните кредити) од 8% на 7,5%.

**4.2. Вкупниот депозитен потенцијал на недржавниот сектор[3] во мај забележа засилен месечен раст од 2,1% (раст од 2,0% во април), движен главно од растот на денарските депозити. Имено, денарските депозити бележат раст од 3,5% на месечна основа, додека девизните депозити се повисоки за 0,9%. Од секторски аспект, главен придонес во вкупниот месечен раст на депозитите имаа депозитите на приватните претпријатија, кои се зголемија за дури 6,4%. Од друга страна, депозитите на домаќинствата ја намалија динамиката на пораст на 0,9% во однос на април.**




На годишна основа депозитите се зголемија за 15,7% (наспроти 12,3% во април 2010 година). Притоа, денарските депозити забележаа раст од 15,6%, додека девизните депозити остварија пораст од 15,9%. Од секторски аспект, депозитите на претпријатијата од приватниот сектор за прв пат од

[1] Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вкучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

[2] Вклучува и готовина во благајна на банките.

[3] Почнувајќи од јануари 2009 година депозитите вклучуваат пресметана камата.

јануари 2009 година остваруваат раст на годишна основа, кој во мај изнесува од 9,7%, додека заштедите на домаќинствата регистрираат раст од 19,3%.

**4.3. Во мај 2010 година вкупните кредити кон приватниот сектор бележат забавен пораст од 0,6% на месечна основа.** Притоа, главен придонес во растот имаат девизните кредити, кои во однос на минатиот месец се повисоки за 2,1%, додека денарските кредити се повисоки за само 0,1%. Од секторски аспект се забележува интензивиран пораст на кредитите насочени кон домаќинствата од 1% на месечна основа, додека кредитите кон претпријатијата бележат раст од 0,2%.

**На годишна основа, вкупните кредити кон приватниот сектор забележаа интензивирана динамика со стапка на раст од 4,2% (наспроти 3,3% во април), при што, иако сеуште доминантен, веќе четири месеци се забележува намалување на придонесот на денарските кредити.** Имено, тие бележат годишен раст од 2,9%, додека девизните кредити го зголемија својот придонес како резултат на високиот пораст од 8,7%. Од секторски аспект, кредитите насочени кон приватните претпријатија во мај забележаа годишен пораст од 6%, додека кредитите кон домаќинствата од 1,9%.

**4.4. Во мај 2010 година може да се забележи одредено подобрување на каматните услови на банкарските кредити. Имено, просечната пондерирана каматна стапка на денарските кредити изнесува 9,6% и е пониска за 0,2 п.п. во однос на минатиот месец.** Просечната каматна стапка на девизните кредити веќе неколку месеци е непроменета и изнесува 7,3%. На годишна основа, се забележува намалување на просечната каматна стапка на денарските кредити за 0,5 п.п., додека каматната стапка на девизните кредити забележа пад од 0,2 п.п..

Меѓу банките, анализирано според големината, кај големите банки се забележува највисок месечен пад на каматната стапка на денарските кредити од 0,2 п.п., додека кај малите банки истата е непроменета. Така, во мај каматната стапка на денарските кредити кај големите банки изнесува 9,3%, додека кај средните и малите банки 10,3% и 10,9%, соодветно.

Кај пасивните каматни стапки се забележува намалување на месечна основа. Така, пасивната каматна стапка на денарските депозити во мај 2010 година е пониска за 0,3 п.п. во однос на минатиот месец и изнесува 7,1%, додека на годишна основа истата бележи зголемување од 0,5 п.п. Просечната каматна стапка на девизните депозити е пониска за 0,1 п.п. на месечна и на годишна основа и изнесува 3,1%.

**4.5. Бруто девизните резерви во мај 2010 година изнесуваат 1.682,97 милиони евра и во однос на декември 2009 година се повисоки за 85,3 милиони евра.**

## 5. Социјален сектор

**5.1. Во периодот јануари-мај 2010 година во Агенцијата за вработување на Република Македонија се регистрирани вкупно 95.097 засновани нови работни односи. Од вкупниот број нововработени 38,7% се однесуваат на неопределено време, додека останатиот дел се однесуваат на определено време и вршење**

**сезонски работи. Споредено со истиот период од минатата година се забележува намалување на бројот на засновани нови работни односи за 2,8%.**




Во текот на месец мај засновани се 17.563 нови работни односи, од кои 29,5% се од евиденцијата на невработени. Одливот на лица од регистарот на Агенцијата за вработување на Република Македонија во мај изнесува 10.944, од кои 45,7% претставуваат нови засновани работни односи. Како прилив во Агенцијата се регистрирани 6.294 лица, од кои 51,5% се лица на кои им престанал работниот однос. **Резултатот е намалување на невработеноста за 4.745 лица, односно за 1,4 % во однос на претходниот месец. Така, во мај 2010 година бројот на невработени лица изнесува 334.477.**

Споредено со истиот месец од минатата година, бројот на невработени лица е намален за 4,2%.

Најголем дел од невработените, односно 66,4% се од урбани средини (градско население), додека 57,6% се мажи. Анализирано според степенот на образование, поголемиот дел, односно 52,5% од невработените се неквалификувани или полуквалификувани, додека само 7,6% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

Гледано според возрасни групи, најголемиот дел или 58,6% од невработените припаѓаат на возрасната група 25-49 години. Според времето на чекање на вработување, околу 49,9% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 30,1% чекаат вработување 8 и повеќе години.

**5.2. Во мај 2010 година во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 271.860 пензионери, што претставува намалување од 0,2% во однос на истиот месец од минатата година. Во однос на претходниот месец бројот на корисници на пензија е намален за 543 лица.**




За исплата на пензии во месец мај се потрошени 2.737,11 милиони денари, што претставува 52,3% од вкупните социјални трансфери во владиниот Буџет.

Во мај 2010 година вредноста на просечната пензија изнесуваше 10.145 денари, што на годишно ниво претставува зголемување од 2,7%. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во април 2010 година (последни расположиви податоци) изнесува 49,4%.

**5.3. Бројот на корисници на социјална парична помош во април 2010 година (последни расположиви податоци) изнесува 50.730 домаќинства, што претставува намалување за 8.152 корисници во однос на претходниот месец.**

Притоа, за исплата на социјална парична помош се потрошени околу 127 милиони денари, односно 48,9% од исплатите за социјална помош по сите основи. За помош по основ на туѓа нега, во април се потрошени околу 101,7 милиони денари за 22.086 лица, односно 39,2% од исплатите за социјална помош по сите основи. Како корисници на постојана парична помош, овој месец регистрирани се 5.574 лица и за нив се потрошени околу 22,2 милиони денари, додека здравствена заштита користат 5.714 лица, за што се потрошени 8,5 милиони денари.

Наведените расходи за социјална помош претставуваат 4,7% од вкупните реализирани социјални трансфери во април.

**5.4. Просечната месечна нето плата во периодот јануари-април 2010 година (последни расположиви податоци) споредена со истиот период од 2009 година бележи номинален раст од 2,8%, додека реално просечната плата е повисока за 2,1%.**

Во април 2010 година просечната нето плата по вработен изнесува 20.449 денари. Просечната месечна нето плата во април 2010 година споредена со истиот месец од 2009 година бележи номинален раст од 1,4%, додека реално просечната плата е идентична. Процентот на вработени кои не примиле плата во април 2010 година изнесува 3,6%, и е повисок за 0,3 п.п. во однос на истиот период од претходната година.



# П Р И Л О Г
## ТАБЕЛИ И ГРАФИКОНИ

# МАКРОЕКОНОМИЈА

## Табела 1. Основни макроекономски индикатори на Република Македонија

| | | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Реален раст на БДП** | % | 4,5 | -4,5 | 0,9 | 2,8 | 4,1 | 4,1 | 4,0 | 6,1 | 5,0 | -0,5 |
| **БДП (по тековни цени)** | ЕУР мил. | 3.893 | 3.839 | 4.001 | 4.105 | 4.325 | 4.676 | 5231 | 5965 | 6720 | 6746 |
| **Инфлација (просек)** | % | 5,8 | 5,5 | 1,8 | 1,2 | -0,4 | 0,5 | 3,2 | 2,3 | 8,3 | -0,8 |
| **Инфлација (крај на период)** | % | 6,1 | 3,7 | 1,1 | 2,6 | -1,9 | 1,2 | 2,9 | 6,1 | 4,1 | -1,6 |
| **БДП дефлатор** | % | 8,2 | 3,6 | 3,4 | 0,3 | 1,3 | 3,8 | 4,4 | 7,4 | 7,5 | 0,9 |
| **Буџетско салдо** | % БДП | 2,5 | -6,3 | -5,6 | -1,0 | 0,0 | 0,2 | -0,5 | 0,6 | -0,9 | -2,6 |
| **Девизен курс, просек** | ДЕН/1USD | 65,9 | 68,0 | 64,7 | 54,3 | 49,4 | 49,3 | 48,8 | 44,7 | 41,9 | 44,1 |
| **Девизен курс, просек** | ДЕН/1EUR | 60,7 | 60,9 | 61,0 | 61,3 | 61,3 | 61,3 | 61,2 | 61,2 | 61,3 | 61,3 |
| **Девизен курс, крај на период** | ДЕН/1USD | 65,3 | 69,2 | 58,6 | 49,9 | 45,9 | 51,7 | 46,5 | 42,0 | 43,6 | 42,7 |
| **Девизен курс, крај на период** | ДЕН/1EUR | 60,8 | 61,0 | 61,1 | 61,3 | 61,4 | 61,2 | 61,2 | 61,2 | 61,4 | 61,2 |
| **Извоз (Ф.О.Б.)** | ЕУР мил. | | | | 1.203 | 1.345 | 1.643 | 1.914 | 2.472 | 2.684 | 1.921 |
| **Увоз (Ф.О.Б.)** | ЕУР мил. | | | | 1.956 | 2.259 | 2.501 | 2.915 | 3.653 | 4.435 | 3.472 |
| **Трговски биланс** | ЕУР мил. | | | | -753 | -914 | -858 | -1.002 | -1.181 | -1.751 | -1.551 |
| **- како % од БДП** | % | | | | -18,3 | -21,1 | -18,4 | -19,1 | -19,8 | -26,1 | -23,0 |
| **Биланс на тековна сметка** | ЕУР мил. | | | | -170 | -362 | -122 | -23 | -421 | -853 | -483 |
| **- како % од БДП** | % | | | | -4,1 | -8,4 | -2,6 | -0,4 | -7,1 | -12,7 | -7,2 |
| **Девизни резерви** | ЕУР млд. | 0,77 | 0,88 | 0,70 | 0,72 | 0,72 | 1,12 | 1,42 | 1,52 | 1,50 | 1,58 |
| **Покривање на увозот (резерви/увоз)** | месеци | 3,7 | 4,7 | 4,0 | 3,9 | 3,3 | 3,6 | 4,2 | 4,0 | 3,5 | 4,4 |
| **Бруто надворешен долг** | ЕУР млд. | | | | | 2.071 | 2.518 | 2.494 | 2.832 | 3.318 | 3.839 |
| **- како % од БДП** | % | | | | | 47,9 | 53,9 | 47,7 | 47,5 | 49,4 | 56,9 |
| **Странски директни инвестиции** | ЕУР мил. | | | | 100 | 261 | 77 | 346 | 506 | 400 | 181 |
| **- како % од БДП** | % | | | | 2,4 | 6,0 | 1,7 | 6,6 | 8,5 | 6,0 | 2,7 |

Извор: Државен завод за статистика, Министерство за финансии и Народна банка на Република Македонија

## Табела 2. Одбрани макроекономски индикатори во одделни економии

| | Бугарија | Чешка | Естонија | Унгарија | Латвија | Литванија | Полска | Романија | Словачка | Словенија | Хрватска | Малта | Турција |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **БДП (годишна стапка на реален раст)** | | | | | | | | | | | | | |
| **2006** | 6,3 | 6,8 | 10,0 | 4,0 | 12,2 | 7,8 | 6,2 | 7,9 | 8,5 | 5,8 | 4,7 | 3,6 | 6,9 |
| **2007** | 6,2 | 6,1 | 7,2 | 1,0 | 10,0 | 9,8 | 6,8 | 6,3 | 10,6 | 6,8 | 5,5 | 3,8 | 4,7 |
| **2008** | 6,0 | 2,5 | -3,6 | 0,6 | -4,2 | 2,8 | 5,0 | 7,3 | 6,2 | 3,5 | 2,4 | 1,7 | 0,9 |
| **2009** | -5,0 | 4,1 | -14,1 | -6,3 | -18,0 | -14,8 | 1,7 | -7,1 | -4,7 | -7,8 | -5,8 | -1,5 | -4,7 |
| **2008 К-1** | 7,0 | 2,8 | -0,3 | 1,9 | 0,5 | 6,9 | 6,5 | 8,5 | 9,7 | 6,0 | 4,3 | 2,1 | 7,2 |
| **К-2** | 7,1 | 3,8 | -1,2 | 2,2 | -1,8 | 5,1 | 6,0 | 9,6 | 7,3 | 5,4 | 3,4 | 2,4 | 2,8 |
| **К-3** | 6,8 | 3,4 | -3,2 | 1,4 | -5,2 | 2,1 | 5,6 | 9,4 | 6,8 | 3,6 | 1,6 | 2,4 | 1,0 |
| **К-4** | 3,5 | 0,1 | -9,2 | -2,5 | -10,3 | -2,2 | 2,8 | 3,1 | 1,6 | -0,8 | 0,2 | 0,0 | -6,5 |
| **2009 К-1** | -3,5 | 3,6 | -15,0 | -6,7 | -17,8 | -13,3 | 0,8 | -6,2 | -5,7 | -8,2 | -6,7 | -2,0 | -14,7 |
| **К-2** | -4,9 | 5,0 | -16,1 | -7,5 | -18,4 | -19,5 | 1,2 | -8,7 | -5,5 | -9,2 | -6,3 | -3,4 | -7,9 |
| **К-3** | -5,4 | 5,0 | -15,6 | -7,1 | -19,0 | -14,2 | 1,2 | -7,1 | -4,9 | -8,3 | -5,7 | -2,0 | -3,3 |
| **К-4** | -5,9 | 2.9 | -9,5 | -4,0 | -16.8 | 12,1 | 3,5 | -6,5 | -2,6 | -5,5 | -4,5 | 1,3 | 6,0 |
| **2010 К-1** | -3.6 | 1.1 | -2.0 | 0,1 | -6.0 | -2,8 | 2,9 | -2,6 | 4,8 | -1,2 | -2.5 | 3,4 | 11,7 |
| **Инфлација (CPI, годишна процентна промена)** | | | | | | | | | | | | | |
| **2006** | 7,4 | 2,1 | 4,4 | 4,0 | 6,6 | 3,8 | 1,3 | 6,6 | 4,3 | 2,5 | 3,2 | 2,6 | 9,6 |
| **2007** | 7,6 | 3,0 | 6,7 | 7,9 | 10,1 | 5,8 | 2,6 | 4,9 | 1,9 | 3,8 | 2,9 | 0,7 | 8,8 |
| **2008** | 12,0 | 6,3 | 10,6 | 6,1 | 15,3 | 11,1 | 4,2 | 7,9 | 3,9 | 5,6 | 5,8 | 4,7 | 10,5 |
| **2009** | 2,5 | 0,6 | 0,2 | 4,0 | 3,3 | 4,2 | 4,0 | 5,6 | 0,9 | 0,9 | 2,2 | 1,9 | 6,3 |
| **2008 К-1** | 12,4 | 7,5 | 11,3 | 6,9 | 16,2 | 10,8 | 4,5 | 8,0 | 3,4 | 6,5 | 5,5 | 4,0 | 8,8 |
| **К-2** | 14,0 | 6,7 | 11,5 | 6,8 | 17,5 | 12,3 | 4,3 | 8,6 | 4,0 | 6,4 | 6,3 | 4,2 | 10,4 |
| **К-3** | 12,5 | 6,5 | 11,0 | 6,3 | 15,6 | 12,0 | 4,3 | 8,2 | 4,4 | 6,2 | 7,1 | 5,3 | 11,7 |
| **К-4** | 9,1 | 4,4 | 8,7 | 4,2 | 11,9 | 9,5 | 3,6 | 6,9 | 3,9 | 3,2 | 4,3 | 5,2 | 11,0 |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2009 К-1** | 5,1 | 1,5 | 3,7 | 2,7 | 9,0 | 8,5 | 3,6 | 6,8 | 2,3 | 1,7 | 3,5 | 3,5 | 8,4 |
| **К-2** | 3,1 | 1,0 | 0,2 | 3,6 | 4,5 | 4,9 | 4,2 | 6,1 | 1,1 | 0,6 | 2,6 | 3,4 | 5,7 |
| **К-3** | 0,8 | 0,1 | -0,9 | 4,9 | 1,2 | 2,4 | 4,3 | 4,9 | 0,4 | -0,2 | 1,2 | 0,9 | 5,3 |
| **К-4** | 0,9 | 0,0 | -2,0 | 4,9 | -1,3 | 1,2 | 3,8 | 4,5 | 0,0 | 1,4 | 1,6 | -0,3 | 5,7 |
| **2010 К-1** | 2,0 | 0,4 | 0,0 | 5,8 | -3,9 | -0,4 | 3,4 | 4,6 | 0,0 | 1,7 | 1,1 | 0,8 | 9,3 |
| **Стапка на невработеност (ILO дефиниција)** | | | | | | | | | | | | | |
| **2006** | 9,0 | 7,2 | 5,9 | 7,5 | 6,8 | 5,6 | 13,9 | 7,3 | 13,4 | 6,0 | 11,1 | 7,1 | 10,2 |
| **2007** | 6,9 | 5,3 | 4,7 | 7,4 | 6,0 | 4,3 | 9,6 | 6,4 | 11,1 | 4,9 | 9,6 | 6,4 | 10,3 |
| **2008** | 5,6 | 4,4 | 5,5 | 7,8 | 7,5 | 5,8 | 7,1 | 5,8 | 9,5 | 4,4 | 8,4 | 5,9 | 9,8 |
| **2009** | 6,8 | 6,7 | 13,8 | 10,0 | 17,2 | 13,7 | 8,2 | 6,9 | 12,0 | 5,9 | 9,1 | 7,0 | 12,6 |
| **2008 К-1** | 6,5 | 4,7 | 4,2 | 8,0 | 6,5 | 4,9 | 8,1 | 6,3 | 10,5 | 5,1 | 10,0 | 6,1 | 10,1 |
| **К-2** | 5,8 | 4,2 | 4,0 | 7,6 | 6,3 | 4,5 | 7,1 | 5,6 | 10,0 | 4,1 | 7,9 | 5,7 | 8,4 |
| **К-3** | 5,1 | 4,3 | 6,2 | 7,7 | 7,2 | 6,0 | 6,6 | 5,4 | 8,9 | 4,1 | 7,0 | 5,8 | 9,1 |
| **К-4** | 5,0 | 4,4 | 7,6 | 8,0 | 9,9 | 7,9 | 6,7 | 5,8 | 8,6 | 4,3 | 8,7 | 6,2 | 11,2 |
| **2009 К-1** | 6,4 | 5,8 | 11,4 | 9,7 | 13,9 | 11,9 | 8,3 | 6,9 | 10,4 | 5,3 | 9,5 | 6,8 | 14,0 |
| **К-2** | 6,3 | 6,3 | 13,5 | 9,6 | 16,7 | 13,6 | 7,9 | 6,3 | 11,3 | 5,6 | 8,9 | 6,9 | 12,4 |
| **К-3** | 6,7 | 7,3 | 14,6 | 10,3 | 18,4 | 13,8 | 8,1 | 6,8 | 12,5 | 6,2 | 8,7 | 7,1 | 11,9 |
| **К-4** | 7,9 | 7,3 | 15,5 | 10,5 | 19,7 | 15,6 | 8,5 | 7,5 | 13,9 | 6,4 | 9,3 | 7,0 | 11,9 |
| **2010 К-1** | 9,3 | 8,1 | 19,8 | 11,4 | 22,4 | 18,1 | 10,6 | * | 14,5 | 6,5 | 10,0 | 7,2 | 11,5 |

Извор: Eurostat, Crostat, Turkstat

*Податоците не се објавени

## Табела 3. Бруто домашен производ по производствен метод (годишни реални стапки на раст, во %

| | Земјоделство, лов, шумарство и рибарство | Вадење руди и камен, преработувачка индустрија и снабдување со еле. енергија, гас и вода | Градежништво | Трговија на големо и трговија на мало | Хотели и ресторани | Сообраќај, складирање и врски | Финансиско посредување, активности во врска со недвижен имот, изнајмување и импутирани станарини | Јавна управа и одбрана, социјална заштита, образование, здравство и социјална работа | Импутирани банкарски услуги | Додадена вредност | Нето-даноци на производство | БРУТО ДОМАШЕН ПРОИЗВОД |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | А + Б | В + Г + Д | Ѓ | Е | Ж | З | Ѕ + И + Љ | Ј + К + Л | | | | |
| **2002** | -2,0 | -0,8 | 0,6 | 5,4 | 16,7 | -1,8 | -3,7 | 3,5 | 1,8 | 0,4 | 3,3 | 0,9 |
| **2003** | 4,8 | 5,0 | 13,3 | 1,8 | 9,6 | 0,4 | -3,6 | 4,9 | -1,2 | 3,3 | 0,6 | 2,8 |
| **2004** | 6,2 | -0,8 | 7,4 | 15,7 | -11,3 | -4,8 | 11,8 | -0,6 | 12,5 | 4,0 | 4,4 | 4,1 |
| **2005** | 0,1 | 2,7 | 0,9 | 4,7 | 1,5 | 10,4 | -1,9 | 4,7 | 21,9 | 2,3 | 15,4 | 4,1 |
| **2006** | 5,0 | 2,4 | 12,9 | 7,3 | 7,5 | 10,6 | 9,4 | 2,3 | 20,3 | 5,4 | -3,1 | 4,0 |
| **2007** | -2,9 | 12,6 | 3,3 | 6,6 | 8,5 | 10,5 | 4,1 | 2,4 | 16,8 | 5,9 | 7,8 | 6,1 |
| **2008** | 5,7 | 2,4 | -3,2 | 6,5 | 5,9 | 12,2 | 6,6 | 4,5 | 4,5 | 4,9 | 5,5 | 5,0 |
| **2009** | 3,8 | -7,6 | 9,6 | 1,2 | -7,7 | -1,8 | 7,2 | 3,7 | 11,2 | 0,7 | -6,5 | -0,5 |
| **2008 К-1** | 1,4 | 8,9 | -7,2 | 8,5 | 13,5 | 14,8 | 7,9 | 3,9 | -0,5 | 5,7 | 2,6 | 5,2 |
| **К-2** | 7,0 | 6,2 | -6,1 | 9,3 | 3,1 | 17,6 | 9,8 | 4,1 | 4,5 | 6,9 | 4,6 | 6,5 |
| **К-3** | 13,0 | 3,4 | -11,2 | 5,9 | 4,9 | 12,4 | 5,2 | 4,9 | 5,2 | 5,7 | 7,1 | 5,9 |
| **К-4** | 1,9 | -7,3 | 1,9 | 3,2 | 4,0 | 5,2 | 3,7 | 5,1 | 8,6 | 1,6 | 7,0 | 2,5 |
| **2009 К-1** | 2,7 | -10,4 | 7,8 | 0,0 | -4,2 | -0,6 | 8,6 | 3,3 | 12,9 | 0,1 | -4,6 | -0,6 |
| **К-2** | 4,1 | -9,7 | 13,7 | 0,4 | -6,3 | -2,9 | 5,3 | 4,5 | 1,6 | 0,2 | -8,6 | -1,2 |
| **К-3** | 4,8 | -11,1 | 7,2 | 1,7 | -6,5 | -0,2 | 8,6 | 3,5 | 7,4 | 0,1 | -9,2 | -1,4 |
| **К-4** | 3,5 | 0,8 | 7,4 | 2,4 | -13,4 | -3,2 | 6,3 | 3,3 | 23,2 | 2,3 | -3,8 | 1,2 |
| **2010 К-1** | 5,0 | -4,6 | 7,7 | 1,1 | -13,3 | -1,2 | 3,7 | 4,0 | | 0,8 | -11,2 | -0,9 |

Извор: Државен завод за статистика




Извор: ДЗС

**Табела 4. Бруто домашен производ по расходен метод (годишни реални стапки на раст, во %)**

| | БДП | Финална потрошувачка | | | Бруто инвестиции | Извоз на стоки и услуги | Увоз на стоки и услуги |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупно | Лична | Јавна | | | |
| **2002** | 0,9 | 6,3 | 12,5 | -11,1 | 13,1 | -5,2 | 9,7 |
| **2003** | 2,8 | -3,3 | -1,5 | -9,9 | -2,4 | -5,7 | -15,2 |
| **2004** | 4,1 | 6,5 | 8,1 | 0,2 | 13,4 | 15,4 | 19,5 |
| **2005** | 4,2 | 4,6 | 5,7 | 0,4 | -5,0 | 13,0 | 7,7 |
| **2006** | 4,0 | 5,2 | 6,0 | 1,8 | 9,6 | 8,4 | 11,0 |
| **2007** | 6,1 | 6,5 | 8,1 | -0,3 | 22,2 | 11,8 | 16,1 |
| **2008** | 5,0 | 8,0 | 7,4 | 10,6 | 5,4 | -6,3 | 0,8 |
| **2009** | -0,5 | -3,8 | -3,6 | -4,7 | 2,8 | -8,3 | -8,8 |
| **2006 К-1** | 6,7 | 12,3 | 16,1 | -1,2 | -15,5 | 20,3 | 20,2 |
| **К-2** | 3,4 | 6,8 | 6,6 | 7,5 | 21,2 | 10,2 | 19,6 |
| **К-3** | 4,8 | 0,7 | 0,7 | 0,8 | 6,1 | 24,8 | 13,9 |
| **К-4** | 1,1 | 2,4 | 2,9 | 0,2 | 6,0 | 2,0 | 5,4 |
| **2007 К-1** | 6,5 | 5,4 | 6,3 | 2,5 | 21,3 | 21,9 | 24,9 |
| **К-2** | 4,8 | 5,7 | 8,2 | -4,1 | -22,3 | 18,6 | 9,1 |
| **К-3** | 5,3 | 6,1 | 6,5 | 4,2 | 35,6 | 2,7 | 14,2 |
| **К-4** | 7,9 | 7,6 | 9,7 | -1,5 | 61,5 | 8,2 | 18,5 |
| **2008 К-1** | 5,2 | 5,7 | 5,7 | 3,0 | 24,6 | -11,2 | -0,8 |
| **К-2** | 6,5 | 6,7 | 6,2 | 6,4 | 49,9 | -12,5 | 4,5 |
| **К-3** | 5,9 | 7,7 | 8,5 | 0,8 | -2,9 | -2,0 | -2,0 |
| **К-4** | 2,5 | 10,1 | 7,2 | 21,4 | -19,5 | -2,9 | -1,6 |
| **2009 К-1** | -0,6 | -2,1 | -2,1 | -2,0 | 39,0 | -15,9 | -0,8 |
| **К-2** | -1,2 | -3,0 | -3,8 | 0,6 | -11,2 | -7,2 | -11,8 |
| **К-3** | -1,4 | -4,3 | -5,6 | 2,2 | -7,6 | -7,3 | -11,9 |
| **К-4** | 1,2 | -5,6 | -2,9 | -16,6 | 1,5 | -3,5 | -10,0 |
| **2010 К-1** | -0,9 | -1,6 | -1,5 | -2,3 | -46,6 | 12,4 | -14,6 |

## Табела 5. Индустрија (производство, вработеност и продуктивност), годишни промени во %

| | Индустриско производство | | | | Вработеност | | | | Продуктивност | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Вкупно** | Вадење на руди и камен | Преработувачка индустрија | Електрична енергија, гас и вода | **Вкупно** | Вадење на руди и камен | Преработувачка индустрија | Електрична енергија, гас и вода | **Вкупно** | Вадење на руди и камен | Преработувачка индустрија | Електрична енергија, гас и вода |
| **2002** | -5,3 | -24,5 | -4,7 | -3,8 | -6,6 | -7,3 | -7,5 | 5,7 | 1,4 | -18,6 | 3,0 | -9,0 |
| **2003** | 4,7 | -39,1 | 5,9 | 9,8 | -5,5 | -1,9 | -6,4 | 1,9 | 10,8 | -37,9 | 13,1 | 7,8 |
| **2004** | -2,2 | -5,0 | -2,1 | -2,6 | -6,5 | -7,7 | -5,9 | -10,3 | 4,6 | 2,9 | 4,0 | 8,6 |
| **2005** | 7,0 | 40,4 | 7,3 | 2,5 | -4,3 | -3,7 | -4,6 | -1,7 | 11,8 | 45,8 | 12,5 | 4,3 |
| **2006** | 3,6 | 11,5 | 3,6 | 0,8 | -3,4 | -0,6 | -3,6 | -4,3 | 7,2 | 12,2 | 7,5 | 5,3 |
| **2007** | 3,7 | 9,8 | 5,2 | -9,5 | -1,0 | -6,3 | -0,2 | -2,2 | 4,7 | 17,2 | 5,4 | -7,5 |
| **2008** | 5,5 | 9,9 | 6,3 | -3,1 | -1 | -8,3 | -0,1 | -1,9 | 6,6 | 19,8 | 6,4 | -1,2 |
| **2009** | -7,7 | -12,3 | -9,3 | 8,8 | -6,6 | -9,8 | -6,8 | -2,1 | -1,2 | -2,8 | -2,7 | 11,1 |
| **2008 К-1** | 5,8 | 11,9 | 6,6 | -0,8 | -0,2 | -7,5 | 0,9 | -2,7 | 6,0 | 21,0 | 5,6 | 2,0 |
| **К-2** | 12 | 13,9 | 12,9 | 3,2 | -0,5 | -9,3 | 0,6 | -2,6 | 12,6 | 25,6 | 12,2 | 6,0 |
| **К-3** | 13 | 3,4 | 14,6 | 2 | -0,4 | -8,3 | 0,6 | -1,1 | 13,5 | 12,8 | 13,9 | 3,1 |
| **К-4** | -7,6 | 11,9 | -7,8 | -10,9 | -3 | -8,4 | -2,6 | -1,2 | -4,7 | 22,2 | -5,3 | -9,8 |
| **2009 К-1** | -10,8 | -12,6 | -12,1 | -1,6 | -4,4 | -6,8 | -4,6 | -0,3 | -6,7 | -6,2 | -7,9 | -1,3 |
| **К-2** | -13,1 | -19 | -15,2 | 17,1 | -5,7 | -9,3 | -5,6 | -2,3 | -7,8 | -10,7 | -10,2 | 19,9 |
| **К-3** | -13,2 | -10,9 | -15,2 | 10,5 | -8,9 | -12,5 | -9,3 | -2,9 | -4,7 | 1,8 | -6,5 | 13,8 |
| **К-4** | 7,8 | -6,4 | 7,9 | 14,2 | -7,5 | -10,7 | -7,7 | -2,6 | 16,5 | 4,8 | 16,9 | 17,2 |
| **2010 К-1** | -9,1 | -3,6 | -14,3 | 19,5 | -7,1 | -8,4 | -7,4 | -2,7 | -2,2 | 5,2 | -7,4 | 22,9 |
| **2009 I** | -16,7 | -23,7 | -18,7 | -4,6 | -3,4 | -6,2 | -3,4 | -0,1 | -13,8 | -18,7 | -15,8 | -4,5 |
| **II** | -11,3 | -21,9 | -11,4 | -6,5 | -4,4 | -6,7 | -4,6 | -0,2 | -7,2 | -16,3 | -7,1 | -6,3 |
| **III** | -4,8 | 8,7 | -7,2 | 7,0 | -5,4 | -7,4 | -5,7 | -0,6 | 0,6 | 17,4 | -1,6 | 7,6 |
| **IV** | -7,7 | -8,2 | -8,5 | -0,3 | -4,7 | -7,5 | -4,8 | -0,5 | -3,1 | -0,8 | -3,9 | 0,2 |
| **V** | -15,3 | -18,1 | -18,7 | 26,1 | -6,0 | -9,8 | -5,8 | -3,6 | -9,9 | -9,2 | -13,7 | 30,8 |
| **VI** | -16,2 | -30,8 | -18,4 | 25,5 | -6,3 | -10,5 | -6,2 | -2,9 | -10,6 | -22,7 | -13,0 | 29,2 |
| **VII** | -19,8 | -24,0 | -21,6 | 5,7 | -7,5 | -11,8 | -7,6 | -2,9 | -13,3 | -13,8 | -15,2 | 8,9 |
| **VIII** | -9,9 | -6,2 | -12,7 | 21,2 | -9,8 | -12,9 | -10,2 | -2,8 | -0,1 | 7,7 | -2,8 | 24,7 |
| **IX** | -9,8 | -2,4 | -11,4 | 4,6 | -9,6 | -12,9 | -10 | -3 | -0,2 | 12,1 | -1,6 | 7,8 |
| **X** | -0,9 | -6,4 | -2,3 | 13,8 | -8,8 | -11,1 | -9,3 | -2,2 | 8,7 | 5,3 | 7,7 | 16,4 |
| **XI** | 4,3 | -4 | 3,5 | 14,8 | -6,9 | -10,4 | -7 | -2,8 | 12,0 | 7,1 | 11,3 | 18,1 |
| **XII** | 20 | -8,9 | 22,7 | 14 | -6,7 | -10,5 | -6,8 | -2,9 | 28,6 | 1,8 | 31,7 | 17,4 |
| **2010 I** | -2,9 | 11,4 | -8,2 | 16,7 | -7,1 | -9,3 | -7,3 | -2,9 | 4,5 | 22,8 | -1,0 | 20,2 |
| **II** | -13,1 | 0,9 | -20,7 | 31,2 | -7,6 | -8,3 | -8,1 | -3,0 | -6,0 | 10,0 | -13,7 | 35,3 |
